ЗАМП МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА
ул.М.Теодосиј Гологанов бр.28
тел.02/3122-301 моб. 078 225 406
Ж.С.300000000271636
Дан.Број 4030998346739
Комерцијална Банка АД Скопје
e-mail: zamp@zamp.com.mk

CISAC
Редовна членка на CISAC
Меѓународна Конфедерација на Друштва на композитори и автори

BIEM
Редовна членка на BIEM
Меѓународно биро за механички изданија

Авторите од ЗАМП забранија јавно емитување на нивна музика

МОРАМЕ ДА ЗАМОЛЧИМЕ ЗА ДА НИ СЕ ЧУЕ ГЛАСОТ!

Крајно револтирани од беспримерниот притисок што го прави Министерството за култура во остварувањето на авторските музички права, авторите од Република Македонија, чии права ги штити Здруженито за заштита на авторските музички права (ЗАМП) со акламација одлучија да се забрани јавно емитување на нивните дела, на седницата на автори одржана на 17 септември 2016 година во „Александар Палас“ во Скопје.

Авторите ги задолжија Собранието и Управниот одбор на ЗАМП забраната да почне да се применува од 20 септември годинава и да трае се до нејзиното евентуално отповикување.

Свесни сме дека ова е непопуларна мерка и дека граѓаните ги лишуваме од задоволството да слушаат музика од автори во Република Македонија. Знаеме дека самата забрана не е решение на проблемот. Но, принудени сме самите да замолчиме за одговорните во надлежните институции еднаш да ги сослушаат нашите аргументи, кои произлегуваат од правните акти за авторското право, од договорите со европските и меѓународните асоцијации од таа област, од обврските што произлегуваат од здруженијата во регионот и од обврските на државава што ги содржи Бернската конвенција за заштита на авторските права.

Ние, авторите, сме уверени дека правото е на наша страна и со него ја продолжуваме борбата со противзаконските одлуки на државните институции. На нивна страна е единствено – силата!

По повеќегодишен притисок, откако не најдоа ништо противзаконско во работењето на ЗАМП, кое 70 години ги штити правата на авторите, надлежните државни институции произведоа грешка во законот и отворија можност да формираат паралелно здружение за истите права, што е нонсенс. Нема друг пример во една држава да постојат две здруженија и да остваруваат исти права. На тоа беа предупредени и од ЗАМП и од повеќе меѓународни и регионални сродни организации. Последно што побара ЗАМП е Владата да ја одложи постапката околу лиценците до донесувањето на измените во Законот за авторското право, на што е обврзана Република Македонија со Директива на Европската Унија. Меѓутоа, и на тоа се оглушија. Целта им е да ги разделат авторите и да стават рака врз парите што ги прибира Здружението. Затоа новото здружение СОКОМ МАП стана инструмент во рацете на Министерството за култура.

ЗАМП ќе опстои на овие удари, макар молчеле авторите што ги штити. ЗАМП ќе издржи и ќе го чека денот кога ќе го врати правото што произлегува од законите и од Уставот.

Нашиот молк станува крик!

Здружение за заштита на

авторски музички права ЗАМП

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА „ЗАМП" СКОПЈЕ 1